# Извештај за консултантски ангажман

**Од: ПОИНТПРО КОНСАЛТИНГ, ДОО Скопје**
Симон Аврамовски, управител

**До: Центар за Развој на Југозападен Плански Регион (ЈЗПР)**
Мирјана ЛОзаноска, Раководител

Датум: 14 декември, 2020

Како резултат на склучениот догор за вршење услуги од страна на консултант – надворешен експерт, ПоинтПро Консалтинг, ДОО Скопје и Центарот за Развој на Југозападниот Регион за припрема и анализа на концепт проектите реализирани се следните клучни активности:

- Првична анализа на предлог проектни активности и приоритети од страна на секоја општина во состав на ЈЗПР, нивна приоритизација и рангирање;
- Подготовка на 2 концепт решенија и предлог проекти во идентификуваната област од страна на форумот во обрасци од Бирото за регионален развој;
- Спроведена анализа на утврдената состојба, обезбедување на информација за изводливост од административно - правен и финансиски аспект за секое концепт решение преку правење на анализа на корисност на трошоци, користејќи го методот „најдобра вредност за потрошените средства" (best value for money);
- Направена презентација на предложените концепт решенија пред Советот за равој на Југозападен плански регион, презентација на концепт решенијата пред форумот;
- Вградување на забелешките во финалните концепт решенија, подготовка и финализирање на концепт решенијата;
- Втора презентација на концепт решенијата пред Советот за развој на ЈЗПР; и
- Финализирање на концепт решенијата за регионалните проекти и подготовка на две (2) детални апликации (формулари за проектни предлози) за два регионални проекти кон Бирото за Регионален Развој според новиот формат.

Претходни споменатите активности се спроведени во текот на следните последователни форумски сесии и седници на Советот за развој на Југозападниот плански регион:

1. Прва форумска сесија со претставници со физичко присуство плус преставници online од засегнатите страни од регионот, на која се избрани специфични приоритетни области за развој на Југозападниот плански регион и комплементарните области, и се индентификуваа клучните проблеми во избраните области;

2. Седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион на која надворешниот експерт ги презентираше концепт решенијата;

3. Втора форумска сесија со претставници со online присуство од засегнатите страни од регионот, на која се презентираа и дискутираа концепт решенијата, се разговараа препораки за подобрување, се информираше форумот за процесот на работа помеѓу двете сесии и се приоретизираа концепт решенијата на партиципативен начин; и

4. Седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион на која беа презентирани предлог-проектите, и истите се рангиранаа и со тоа се состави Годишната листа на приоритетни проекти за 2021 година

Преку дефинирање на концепт решенијата, севкупните анализи за валуација на предложените решенија, презентирање на првичните концепт решенија, вклучување на коментари и правење соодветни промени на концепт решенијата и предлог проектите дефинирани со Формуларите за Проектни Предлози кон Бирото за Регионален Развој, кои потоа повторно се презентираа и финализираа, ангажманот на надоврешниот експерт е комплетиран.

Скопје, 14 декември, 2020

ПОИНТПРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје

**Управител**

Симон Аврамовски

м.п.